USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

# ОПИС НА НАДЛЕЖНОСТИ

## БАРАЊЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГИ – Консултантски услуги во рамки на Проектот на УСАИД за граѓанско учество

## 1. ЦЕЛ, НАМЕНА И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

### 1.1 Цел

Здружението Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ) објавува повик за консултантски услуги – проценка на ранливи области подложни на корупција, за потребите на Проектот на УСАИД за граѓанско учество.

Проектот за граѓанско учество (ПГУ) е петгодишна програма финансирана од УСАИД, која што работи на исполнување на две цели: (1) зајакнување на конструктивниот ангажман од граѓанските организации (ГО) за политики и прашања од јавен интерес; и (2) зголемен и одржлив младински ангажман во јавниот живот во Република Северна Македонија. ПГУ е спроведуван од Институтот Ист-Вест од Њујорк (САД), во партнерство со три локални ГО: Фондација за Интернет и Општество „Метаморфозис“, Здружението Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ) и Националниот младински совет на Северна Македонија (НМСМ).

### 1.2. Намена и очекувани резултати

Намената на Опис на надлежности е да се дефинира опис на задачите, планираниот обем и рок на активностите, како и критериумите врз чија основа ќе се одбере консултантот (правен субјект).

Очекувани резултати се спроведување на истражување за проценка на ранливи области подложни на корупција во пет општини: Гостивар, Битола, Кавадарци, Куманово и Штип; Подготовка на извештај од проценката и споделување на главните наоди од извештајот.

## 2. ДОМЕН НА РАБОТА

### 2.1 Опис на задачата

Во рамките на проектните активности предвидено е да се направи деск истражување на соодветната правна рамка која што ја регулира анти-корупцијата; Развој на методологија за проценка на ризиците од корупција со соодветни индикатори и инструменти; Спроведување на теренско истражување во сите пет оштини и подготовка на извештај; Споделување на главните наоди од истражувањето на јавни дебати и завршен настан.

### 2.2 Специфични активности –да се реализираат од страна на консултантот

**Активност 1:** Подготвителна фаза, односно деск истражување на соодветната правна рамка**,** претходни слични истражувања на разиците од корупција, идентификација на тековни стратегии на општините кои се однесуваат на нивната транспарентност**.** Врз основа на ваквиот преглед, од консултантот се очекува развој на методологија за проценка на ризиците од корупција со соодветни индикатори и инструменти.

**Активност 2:** Работен состанок со претставниците на Државната комисија за спречување корупција (ДКСК) и граѓански организации активни во областите на добро владеење и анти-корупција за презентирање на развиената методологија и нејзино унапредување согласно препораките со цел успешно спроведување на проценката.

**Активност 3:** Теренско истражување, според утврдената методологија и инструменти. Теренското истражување ќе вклучи интервјуа со претставници од локалните власти, бизниси и граѓански организации. Иницијалните наоди од истражувањето, ќе послужат за адаптирање/измени на прашалникот за граѓаните. Анкетата со граѓаните ќе вкучи репрезентативен примерок од 100-120 граѓани по општина или вкупно 600 анкетирани граѓани.

**Активност 4:** Подготовка на извештај од истражувањето**.** Извештајот од истражувањето ќе треба да ги вклучи сите наоди од деск истражувањето, преглед на методологијата, превземените активности, клучни наоди поединечно по општина, заклучоци и препораки. Очекуван број на страни на извештајот е 50.

**Активност 5:** Учество на јавни дебати и завршен настан (форум) со цел споделување информации од клучните наоди од истражувањето. Јавните дебати ќе бидат организирани во секоја општина, предмет на истражувањето. Со истакнување на проблемите, како и добрите практики идентификувани при истражувањето на локално ниво, се очекува да се добие поголем увид во подрачјата ранливи на корупција.

## 3. ВРЕМЕНСКА РАМКА

### 3.1 Датум на започнување и период на спроведување на задачите

Датум на започнување на активностите се смета денот на потпишување на договорот помеѓу АДИ и избраниот консултант. Преелиминарна рамка за спроведување на активностите е следна:

| | |
|---|---|
| Подготвителна фаза и работен состанок со ДКСК и ГО | јуни-јули 2020 |
| Теренско истражување | август - септември 2020 |
| Подготовка на извештај од истражувањето | октомври 2020 |
| Јавни дебати | ноември 2020 – Јануари 2021 |
| Завршен настан | септември 2021. |

Точните датуми за активностите и целокупната динамика ќе се утврдат во договор со АДИ.

### 3.2 Цена

Вкупните планирани финансиски средства, се распределени на следниот начин:
$9.000 бруто износ во денарска противвредност без данок на додадена вредност (ДДВ), распределен на неколку рати, односно по завршување на секоја од активностите и доставување фактура.

Трошоците паѓаат на товар на Проектот на УСАИД за граѓанско учество.

### 3.3 Услови и начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено по реализација на планираните активности, односно доставување на продуктите и извештај од реализираните активности.

## 4. КРИТЕРИУМИ

**4.1** Изборот на консултантот ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда. Изборот ќе се направи според принципот „најдобра понудена вредност (квалитет) за дадена цена“.
**4.2** Консултантот треба да е регистриран како правен субјект за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за обезбедување услуги (според Тековна состојба) и треба да има искуство во испорака и обезбедување услуги кои се предмет на набавката;
Консултантот треба да обезбеди и достави биографија од клучен експерт, кој што ќе биде директно вклучен во спроведувањето на предвидените активности.

### 4.3 Критериум за клучниот експерт

***Квалификации, професионално искуство и вештини:***

- Високо образование од областа на општествените науки (политички, правни, социолошки); Магистратура или докторат во дадените области ќе се смета за предност;
- Најмалку 7 години професионално работно искуство во спроведување истражувања, подготовка на анализи, извештаи од областа на доброто владеење;
- Вештини за анализа, истражување и пренос на информации во писмена форма;
- Одлични комуникациски и организациски вештини;

## 5. ЕЛЕМЕНТИ НА ПОНУДАТА

### 5.1 Понудата треба да ги содржи следните елементи:

- Тековна состојба не постара од 6 месеци;
- Прилог 1. Образец за преглед на реализирани услуги во последните 3 години;
- Прилог 2. Предлог методологија на работа;
- Прилог 3. Образец за финансиска понуда;
- Прилог 4. Кратка биографија на клучниот експерт *(претставена на некој од општо прифатените обрасци);*
- Прилог 5: Најмалку три препораки од слични работни ангажмани на консултантот (правен субјект).

### 5.2 Начин на доставување на понудите

Понудата се доставува по електронски пат, целокупната скенирана документација се доставува

на следната е-пошта: katica@adi.org.mk Во насловот наведете го : “Повик Реф. Бр. 0503-834"

Краен рок на доставување на понудите е 10 дена од објавување на повикот, но не подоцна од **29.05.2020 година до 16:00 часот**.

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид.